# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦ П-1

Објаснување:

Овој образец е помош на подносителите да го формулираат барањето на едноставен и краток пат. Може да се употребува и во понатамошните фази од подготовката на наредниот возен ред, за измени во важечкиот возен ред (ад хок), како и за нарачка на студија.

- Нарачка: Се запишува каталошкиот број на траса или бројот на ад хок трасата или се запишува „**студија**" доколку се работи за студија, а под „бр." се запишува бројот на нарачаката. ТР

- Вид на превоз: со „Х" се обележува за кој вид на превоз (товарен или патнички) се однесува.

- Железнички превозник: Името на превозникот кој ќе управува со возовите, а за студија името на барателот.

- I. Нарачка на услуги: со „Х" се обележува за кој вид на услуга се однесува нарачката (студијата), за кој возен ред.

- Општи детали за нарачаната траса: утврдете ги деновите согласно со меѓународната конвенција (од 1 за понеделник до 7 за недела). Во графата „Период на сообраќај" треба да го внесете календарот на сообраќај (недела, месец). Сите станици каде што ќе има потреба од застанување треба да се наведат во колоната. Доколку во службеното место каде што ќе застанува има потреба од посебна работа (маневарска задача и сл.) наведете го видот на работа и времетраењето на застанувањето.

- Параметри и состав на возот: Се внесуваат основните параметри и составот на возот наведени во образецот. Доколку има потреба од дополнителни информации, ЈПЖРСМ Инфраструктура - Скопје, Одделение за возен ред, директно ќе контактира со поднесувачот на барањето.

- Потпис на подносителот на барањето: Сите нарачки на траси мораат да бидат потпишани од страна на подносителот и оверени со печат.

**Одговорот или понудата ќе биде припремена од страна на ЈПЖРСМ Инфраструктура-Скопје**